# Дополнителна гаранција на производителот за рачни алати

(од 01.09.2024)

Сите рачни алати на Bosch се внимателно тестирани и проверени и подлежат на строгите контроли на гаранција на квалитет на Bosch. Robert Bosch Power Tools GmbH, Max-Lang-Straße 40-46, 70771 Leinfelden-Echterdingen (во натамошниот текст „**Bosch**“ или „**ние**“) обезбедува гаранција за рачните алати на Bosch (во натамошниот текст „**Алати**“), означени на пакувањето со едно од логоата прикажани подолу, во согласност со следните услови.

10 Year Guarantee Register at: Bosch-diy.com

20 YEARS GUARANTEE After registration in PRO360.com

1. Предуслов за ова е да го регистрирате алатот на следнава веб-страница во рок од четири недели од купувањето:
   www.bosch-diy.com/mybosch, ако е алат за ентузијастите за „направи сам“ проекти или на www.bosch-professional.com/pro360, ако е алат за професионалци.
   На крајот од процесот на регистрација, покрај гарантните услови се обезбедува и гарантен лист за преземање, којшто го докажува склучувањето на договорот за гаранцијата и го содржи описот за идентификација на Алатот, односно  негов опис (модел број), и датум на продажба („**Гарантен** сертификат“).
   Сопственикот на алатот мора да го чува Гарантниот Лист за време на целиот гарантен период.
   Гарантниот период изнесува 10 години во врска со Алат за ентузијастите за „направи сам“ проекти или 20 години ако е Алат за  професионалци.
2. Обезбедуваме гаранција за регистрираните Алати во согласност со следните одредби во случај на дефекти на Алатот коишто може да се докаже дека произлегуваат од материјален или производствен дефект во гарантниот период. Побарувањата за гаранција на купувачот коишто произлегуваат од купопродажниот договор со продавачот и законските права не се засегнати со оваа гаранција,  горенаведените права може да се остваруваат  бесплатно.
3. Гарантниот период започнува кога алатот ќе се регистрира на горенаведената веб-страница. Гаранцијата важи за периодот наведен во логото на гаранцијата на соодветниот производ.
4. Следниве ставки се исклучени од гаранцијата
   - Додатоци (на пр. битови, навртки, сечила, сечила за пили, муниција за пенкала, адаптери итн.);
   - решенија за складирање и транспорт како што се кеси, футроли, L-BOXX и вметоци;
   - делови што се предмет на употреба или друго природно абење, како и дефекти што се припишуваат на употреба или друго природно абење;
   - дефекти предизвикани од непочитување на упатството за работа, неправилна употреба, невообичаени услови на животната средина, несоодветни работни услови, преоптоварување или недостаток на одржување или грижа;
   - дефекти предизвикани од употреба на додатоци, дополнителни делови или резервни делови што не се оригинални делови на Bosch;
   - алати на коишто се направени модификации или дополнувања и алати што се целосно или делумно демонтирани; и
   - мали отстапувања од целната состојба што се незначителни за вредноста и употребливоста на алатот.
5. Барањето за гаранција мора да се поднесе во гарантниот период. За таа цел, алатот мора да се однесе до продавачот или до еден од нашите сервисни служби за корисници [*„Д.П.Т.У РОЈКА ДООЕЛ" Скопје, +389 32174303*] заедно со копија од  Гарантниот Лист и доказ за купување, на којшто мора да се наведе датумот на купување и името на производот. Ако го испратите Алатот до продавачот или до сервисна служба за корисници, вие ги сносите транспортните трошоци и транспортниот ризик.
6. Дефектот што го препознавме како предмет на гаранција ќе се отстрани, така што ние бесплатно го поправаме неисправниот алат по наша дискреција или го заменуваме со исправен алат (вклучувајќи и некој понов модел, ако е применливо). Заменетите алати или делови остануваат во наша сопственост.
7. Со нашата гаранција не се покриени други побарувања, освен правото на отстранување дефекти на алатот наведен во овие услови за гаранција. Конкретно, немате право да добиете заменски алат за времетраењето на поправката.
8. Во случај на помала поправка, гарантниот рок се продолжува онолку колку што потрошувачот бил лишен од употребата на Алатот. Кога поради неисправното функционирање е извршена замена на Алатот или негова суштествена поправка, гарантниот рок започнува повторно да тече од замената, односно од враќањето на поправениот Алат на купувачот. Ако е заменет или суштествено поправен само некој дел од Алатот, гарантниот рок започнува повторно да тече само за тој дел.
9. Исклучено е отстапување на побарувањата според оваа гаранција. Оваа гаранција не важи за користени производи.
10. Оваа гаранција се однесува на алати купени и користени во земја наведена во соодветната листа на земји на следниве портали за регистрација на гаранција: за Bosch Professionals на www.bosch-professional.com/pro360 и за Bosch DIY на www.bosch-diy.com/mybosch.
11. Оваа гаранција се регулира со германскиот закон со

исклучок на Конвенцијата на Обединетите нации за договори за меѓународна продажба на производи (CISG). Овој избор на закон не резултира со тоа да бидете лишени од заштитата што ви ја даваат оние одредби од кои законот на земјата во која го имате вашиот вообичаен престој не може да се отфрли со договор (начело на поволност).Купувачот има право на заштита согласно релевантните позитивни законски прописи, односно Законот за заштита на потрошувачите и Законот за облигационите односи на Република Северна Македонија.

Robert Bosch Power Tools GmbH
70538 Stuttgart
Germany